**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-365
01.09. **2014 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 20, став 1, алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14 и 101/14 година), и Извештајот од редовниот надзор на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА Мунир Мехдиу Кичево ДООЕЛ, емитуван на 5 август 2014 година бр.10-4324/2 од 27.08.2014 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради надминување на дозволеното времетраење на рекламирањето и на телешопинг спотовите повеќе од 12 минути на еден реален час, од страна на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА Мунир Мехдиу Кичево ДООЕЛ, в.д. Директорот на Агенцијата на ден 01.09.2014 година го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка**

1. СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА Мунир Мехдиу Кичево ДООЕЛ, заради извршена повреда на член 100 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14 и 101/14 година), односно поради надминување на дозволеното времетраење на рекламирањето и на телешопинг спотовите повеќе од 12 минути на еден реален час.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е (по наслов на емисија, почеток и крај на период на емитување, времетраење, времетраење за кое е надминат лимитот за рекламирање и опис на прекршување) во Извештајот од редовниот надзор на програмскиот сервис на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА Мунир Мехдиу Кичево ДООЕЛ, емитуван на 5 август 2014 година бр.10-4324/2 од 27.08.2014 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА Мунир Мехдиу Кичево ДООЕЛ, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова решение, постапил по решението.

4. Ова решение е конечно.
Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14 и 101/14 година), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на

одредбите од овој закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23, став 1, алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14 и 101/14 година), Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерки согласно со овој закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, преку Секторот за програмски работи, на 5 август 2014 година, изврши редовен програмски надзор (мониторинг) на програмата/програмскиот сервис на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА Мунир Мехдиу Кичево ДООЕЛ, при што со помош на системот на мониторинг констатираше дека спротивно на член 100 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на програмскиот сервис на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА Мунир Мехдиу Кичево ДООЕЛ, на 5 август 2014 година, е регистрирано надминување на дозволеното времетраење на рекламирањето и на телешопинг спотовите (12 минути) во реалните часови: од 09:00 до 10:00; од 10:00 до 11:00; од 12:00 до 13:00; од 15:00 до 16:00; од 16:00 до 17:00; од 17:00 до 18:00; од 18:00 до 19:00; од 19:00 до 20:00; од 20:00 до 21:00; од 21:00 до 22:00; од 22:00 до 23:00; и од 23:00 до 24:00 часот.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е (по наслов на емисија, период на емитување почеток и крај, времетраење, времетраење за кое е надминат лимитот за рекламирање и опис на прекршување) во Извештајот од редовниот надзор на програмскиот сервис на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА Мунир Мехдиу Кичево ДООЕЛ, емитуван на 5 август 2014 година бр.10-4324/2 од 27.08.2014 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

Следствено на тоа, врз основа на член 20, став 1, алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Извештајот од редовниот надзор на програмскиот сервис на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА Мунир Мехдиу Кичево ДООЕЛ, емитуван на 5 август 2014 година бр.10-4324/2 од 27.08.2014 година, поради констатираното непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, наведено во точка 1 на ова решение, в.д. Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе решение, со кое кон ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА Мунир Мехдиу Кичево ДООЕЛ се презема мерка – опомена, со кое му наложи на радиодифузерот, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова решение, постапил по решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението. Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**в.д. Директор**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Извештајот од редовниот надзор на програмскиот сервис на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА Мунир Мехдиу Кичево ДООЕЛ, емитуван на 5 август 2014 година бр.10-4324/2 од 27.08.2014 година

**Доставено до:**

- Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА Мунир Мехдиу Кичево ДООЕЛ;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА Мунир Мехдиу Кичево ДООЕЛ;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за програмски работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 27-08-2014 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 424/2 | 1 | |

ИЗВЕШТАЈ
од редовниот надзор на програмскиот сервис на:
ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА Мунир Мехдиу Кичево ДООЕЛ,
емитуван на 5 август 2014 година

***Предмет на надзорот:***

Предмет на надзор во согласност со Годишниот план за вршење програмски надзор беа:

- обврските за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации; и
- обврските за заштита на малолетните лица од програми што можат да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој.

***Констатации:***

Со мониторингот на снимката од програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА Мунир Мехдиу Кичево ДООЕЛ, од 5 август 2014 година, е констатирано **прекршување на член 100 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (времетраењето на рекламирањето и на телешопинг спотовите во програмите на радиодифузерите, не смее да изнесува повеќе од 12 минути на еден реален час).

Во анализираниот ден е регистрирано надминување на дозволеното времетраење на рекламирањето од 12 минути во неколку реални часови: од 09:00 до 10:00; од 10:00 до 11:00; од 12:00 до 13:00; од 15:00 до 16:00; од 16:00 до 17:00; од 17:00 до 18:00; од 18:00 до 19:00; од 19:00 до 20:00; од 20:00 до 21:00; од 21:00 до 22:00; од 22:00 до 23:00; и од 23:00 до 24:00 часот.

| Наслов на емисија | Период на емитување | | Времетраење |
|---|---|---|---|
| | почеток | крај | |
| Рекламен блок | 09:21:47 | 09:23:25 | 00:01:38 |
| Рекламен блок | 09:23:30 | 09:36:44 | 00:13:14 |
| Рекламен блок | 09:36:49 | 09:41:10 | 00:04:21 |
| **Вкупно траење на рекламирањето во реалниот час од 09.00 до 10.00 ч.** | | | **19 мин и 13 сек.** |
| **Времетраење за кое е надминат лимитот за рекламирање во реалниот час од 09.00 до 10.00 ч.** | | | **7 мин. и 13 сек.** |

| Наслов на емисија | Период на емитување | | Времетраење |
|---|---|---|---|
| | почеток | крај | |
| Рекламен блок | 10:27:55 | 10:40:56 | 00:13:01 |
| Рекламен блок | 10:41:03 | 10:45:23 | 00:04:20 |
| **Вкупно траење на рекламирањето во реалниот час од 10.00 до 11.00 ч.** | | | **17 мин и 21 сек.** |
| **Времетраење за кое е надминат лимитот за рекламирање во реалниот час од 10.00 до 11.00 ч.** | | | **5 мин. и 21 сек.** |

| Наслов на емисија | Период на емитување | | Времетраење |
|---|---|---|---|
| | почеток | крај | |
| Рекламен блок | 12:33:27 | 12:46:00 | 00:12:33 |
| **Вкупно траење на рекламирањето во реалниот час од 12.00 до 13.00 ч.** | | | **12 мин и 33 сек.** |
| **Времетраење за кое е надминат лимитот за рекламирање во реалниот час од 12.00 до 13.00 ч.** | | | **33 сек.** |

| Наслов на емисија | Период на емитување | | Времетраење |
|---|---|---|---|
| | почеток | крај | |
| Рекламен блок | 15:35:50 | 15:49:52 | 00:14:02 |
| **Вкупно траење на рекламирањето во реалниот час од 15.00 до 16.00 ч.** | | | **14 мин и 2 сек.** |
| **Времетраење за кое е надминат лимитот за рекламирање во реалниот час од 15.00 до 16.00 ч.** | | | **2 мин и 2 сек.** |

| Наслов на емисија | Период на емитување | | Времетраење |
|---|---|---|---|
| | почеток | крај | |
| Рекламен блок | 16:33:38 | 16:46:39 | 00:13:01 |
| **Вкупно траење на рекламирањето во реалниот час од 16.00 до 17.00 ч.** | | | **13 мин и 1 сек.** |
| **Времетраење за кое е надминат лимитот за рекламирање во реалниот час од 16.00 до 17.00 ч.** | | | **1 мин и 1 сек.** |

| Наслов на емисија | Период на емитување | | Времетраење |
|---|---|---|---|
| | почеток | крај | |
| Рекламен блок | 17:31:26 | 17:45:26 | 00:14:00 |
| Рекламен блок | 17:58:51 | 17:59:36 | 00:00:45 |
| Рекламен блок | 17:59:36 | 18:00:00 | 00:00:24 |
| **Вкупно траење на рекламирањето во реалниот час од 17.00 до 18.00 ч.** | | | **15 мин и 9 сек.** |
| **Времетраење за кое е надминат лимитот за рекламирање во реалниот час од 17.00 до 18.00 ч.** | | | **3 мин. и 9 сек.** |

| Наслов на емисија | Период на емитување | | Времетраење |
|---|---|---|---|
| | почеток | крај | |
| Рекламен блок | 18:29:44 | 18:42:16 | 00:12:32 |
| Рекламен блок | 18:42:23 | 18:47:19 | 00:04:56 |
| **Вкупно траење на рекламирањето во реалниот час од 18.00 до 19.00 ч.** | | | **17 мин и 28 сек.** |
| **Времетраење за кое е надминат лимитот за рекламирање во реалниот час од 18.00 до 19.00 ч.** | | | **5 мин. и 28 сек.** |

| Наслов на емисија | Период на емитување | | Времетраење |
|---|---|---|---|
| | почеток | крај | |
| Рекламен блок | 19:33:55 | 19:46:55 | 00:13:00 |
| Рекламен блок | 19:47:02 | 19:52:01 | 00:04:59 |

| | |
|---|---|
| Вкупно траење на рекламирањето во реалниот час од 19.00 до 20.00 ч. | 17 мин и 59 сек. |
| Времетраење за кое е надминат лимитот за рекламирање во реалниот час од 19.00 до 20.00 ч. | 5 мин. и 59 сек. |

| Наслов на емисија | Период на емитување | | Времетраење |
|---|---|---|---|
| | почеток | крај | |
| Рекламен блок | 20:40:01 | 20:52:32 | 00:12:31 |
| Рекламен блок | 20:52:39 | 21:00:00 | 00:07:21 |
| Вкупно траење на рекламирањето во реалниот час од 20.00 до 21.00 ч. | | | 19 мин и 52 сек. |
| Времетраење за кое е надминат лимитот за рекламирање во реалниот час од 20.00 до 21.00 ч. | | | 7 мин. и 52 сек. |

| Наслов на емисија | Период на емитување | | Времетраење |
|---|---|---|---|
| | почеток | крај | |
| Рекламен блок | 21:26:39 | 21:30:58 | 00:04:19 |
| Рекламен блок | 21:46:29 | 22:00:00 | 00:13:31 |
| Вкупно траење на рекламирањето во реалниот час од 21.00 до 22.00 ч. | | | 17 мин и 50 сек. |
| Времетраење за кое е надминат лимитот за рекламирање во реалниот час од 21.00 до 22.00 ч. | | | 5 мин. и 50 сек. |

| Наслов на емисија | Период на емитување | | Времетраење |
|---|---|---|---|
| | почеток | крај | |
| Рекламен блок | 22:02:44 | 22:08:28 | 00:05:44 |
| Рекламен блок | 22:32:09 | 22:45:10 | 00:13:01 |
| Рекламен блок | 22:45:17 | 22:51:52 | 00:06:35 |
| Вкупно траење на рекламирањето во реалниот час од 22.00 до 23.00 ч. | | | 25 мин. и 20 сек. |
| Времетраење за кое е надминат лимитот за рекламирање во реалниот час од 22.00 до 23.00 ч. | | | 13 мин. и 20 сек. |

| Наслов на емисија | Период на емитување | | Времетраење |
|---|---|---|---|
| | почеток | крај | |
| Реклама | 23:02:21 | 23:03:54 | 00:01:33 |
| Рекламен блок | 23:30:12 | 23:43:37 | 00:13:25 |
| Рекламен блок | 23:43:43 | 23:52:35 | 00:08:52 |
| Вкупно траење на рекламирањето во реалниот час од 23.00 до 24.00 ч. | | | 23 мин. и 50 сек. |
| Времетраење за кое е надминат лимитот за рекламирање во реалниот час од 23.00 до 24.00 ч. | | | 11 мин. и 50 сек. |

*Опис на прекршувањето:*

Спротивно на член 100 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво

ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА Мунир Мехдиу Кичево ДООЕЛ, на 5 август 2014 година, регистрирано е надминување на дозволеното времетраење на рекламирањето од 12 минути во реалните часови: од 09:00 до 10:00; од 10:00 до 11:00; од 12:00 до 13:00; од 15:00 до 16:00; од 16:00 до 17:00; од 17:00 до 18:00; од 18:00 до 19:00; од 19:00 до 20:00; од 20:00 до 21:00; од 21:00 до 22:00; од 22:00 до 23:00; и од 23:00 до 24:00 часот.

*Датум на извршување на програмскиот надзор:*
*27.08.2014 година*

| **Претходно изречена мерка:** |
| --- |
| - Нема изречено мерка |

Имајќи го предвид констатираното прекршување на член 100 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14 и 101/14), а со оглед дека за прекршување на оваа законска одредба до сега не му е изречена мерка на радиодифузерот, во согласност со член 23 и 27 од цитираниот закон, до в.д. Директорот на Агенцијата се дава следната

**Предлог на мерка:**

- да се преземе мерка – опомена, и
- В.д. Директорот на Агенцијата да определи во кој рок од денот на донесувањето на поединечниот акт (решение), да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил).